( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar: | 18-09-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 2512/1 | 1 | |

До: Државна комисија за спречување на корупција
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: _______[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:_____Одговори на новинарски прашања:

**1.Колку случаи од жени кои пријавуваат коруптивни дејствија имало во последните три години и за што пријавувале најмногу корупција жените? Дали би можеле да ни споделите повеќе информации за случаите?**

**2. _Што покажуваат последните анализи, колку жените се поизложени на родово-специфични видови на корупција и во кои области е се најмногу забележани ваквите форми, на пример сексторцијата?**

**3. Што конкретно презема Државната комисија за спречување на корупција за да се намали заканата од корупција со која се соочуваат жените?**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г**) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**

- д) друго ______________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во _Скопје 18.09. 2025_ година .** ______________________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P 561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO Box.561
Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO Box.561 тел/phone +389 2 3127 453; +389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

**Burim Abazi**

---

| | |
|---|---|
| **From:** | Државна комисија за спречување на корупцијата <contact@dksk.org.mk> |
| **Sent:** | Thursday, September 18, 2025 2:39 PM |
| **To:** | Burim Abazi |
| **Subject:** | FW: Прашања за новинарска тема за род и корупција |
| **Attachments:** | Барање-за-пристап-до-информации-од-јавен-каркатер-word-формат.doc |

**From:** [redacted]
**Sent:** Thursday, September 18, 2025 2:30 PM
**To:** contact@dksk.org.mk; k.kostovska@dksk.org.mk
**Subject:** Прашања за новинарска тема за род и корупција

Почитувани,

Во прилог испраќам прашања [redacted] Темата е за тоа зошто жените се поизложени на одредени родово специфични форми на корупција како сексторција.

**1.Колку случаи од жени кои пријавуваат коруптивни дејствија имало во последните три години и за што пријавувале најмногу корупција жените? Дали би можеле да ни споделите повеќе информации за случаите?**

**2. Што покажуваат последните анализи, колку жените се поизложени на родово-специфични видови на корупција и во кои области е се најмногу забележани ваквите форми, на пример сексторцијата?**

**3. Што конкретно презема Државната комисија за спречување на корупција за да се намали заканата од корупција со која се соочуваат жените?**

Дополнително испраќам и барање за пристап до информации од јавен карактер за случаите на корупција кои ги пријавувале жените изминатите години.

Ви благодарам.

Поздрав,
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-2512/2
26-09-2025 г./v

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-2512/1 од 18.09.2025 година, поднесено [redacted] го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-2512/1 од 18.09.2025 година, доставено до ДКСК **СЕ УВАЖУВА**.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

### Образложение

Барателите на информацијата, во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под архивски бр. 03-2512/1 од 18.09.2025 година, со кое побара: *„1.Колку случаи од жени кои пријавуваат коруптивни дејствија имало во последните три години и за што пријавувале најмногу корупција жените? Дали би можеле да ни споделите повеќе информации за случаите?*

*2. Што покажуваат последните анализи, колку жените се поизложени на родово-специфични видови на корупција и во кои области е се најмногу забележани ваквите форми, на пример сексторцијата?*

*3. Што конкретно презема Државната комисија за спречување на корупција за да се намали заканата од корупција со која се соочуваат жените?“.*

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

По разгледување на барањето, ДКСК утврди дека **не располага** со информации или податоци во однос на првото и второто прашање од причина што не води евиденција за случаи на жени кои пријавиле коруптивни дејствија, ниту пак располага со анализи за тоа колку жените се поизложени на родово-специфични видови на корупција и во кои области се најмногу застапени истите.

Во однос на третото прашање ДКСК презема низа мерки и активности со цел намалување

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

на ризиците од корупција и зајакнување на интегритетот, во согласност со надлежностите утврдени со закон.

Во рамки на унапредувањето на системот на интегритет, ДКСК со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во 2024 година спроведе родова проценка на институцијата, согласно Методологијата за родови партиципативни ревизии на Меѓународната организација на трудот. Активноста беше спроведена со поддршка од национална експертка и во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и координативниот тим на ДКСК.

За спроведената проценка изработен е извештај со наслов „Родова проценка на Државната комисија за спречување на корупцијата"

ДКСК во Годишниот извештај за 2024 година ја истакна важноста на анализата на работењето од родова перспектива, како нов пристап во согледување на институционалните процеси. Наодите од извештајот ќе се користат при креирање на стратешките документи, организациската структура, работните процеси и политиките на ДКСК.

Исто така со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје во рамки на втората фаза од процесот на родова ревизија започна изработката на **Акцискиот план за родова еднаквост 2025–2027 година**. За таа цел, на 8 мај и 14 јули 2025 година се одржаа работни состаноци со работната група од ДКСК, за кој се чека да се донесе финална верзија на Акцискиот план.

Дополнително, на Ваш интерес може да се упатите за повеќе информации мерките и активностите кои ги има преземено ДКСК во однос на третото прашање кои се објавени во Годишните извештај за работата на ДКСК за 2022, 2023 и 2024 година, во однапред пропишана форма и се достапни за јавноста на веб страницата на ДКСК.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: Бурим Абази, службено лице
Одобрил: Адем Чулуљ, генерален секретар

Да се достави до:
- подносителот